РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2670/4
04-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60 та седница, одржана на 28.01.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-2670/1 од 09.08.2021 година, оформен по доставена анонимна пријава против поранешно службено лице ---, директор на --, **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка на фактичката состојба, ДКСК утврди дека не може да се потврдат наводите од пријавата бидејќи нема конкретно наведени лица кои биле вработени во институцијата каде пријавеното лице извршувало јавни овластувања и должности и поради промена на фактичка состојба, истиот веќе не ја извршува таа функција, ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 09.08.2021 година, поднесена е пријава против поранешно службено лице -----, директор на --------- со наводи дека во периодот кога истиот ја извршувал оваа функција извршил влијание за вработување на повеќе блиски лица, пријатели, роднини, кои сеуште се вработени во ------ и после престанок на неговиот мандат како директор на оваа институција, по што оформен е предмет со бр. 09-2670/1 од 09.08.2021 година.

ДКСК изврши проверка на наводите од пријавата и ја утврди следната фактичка состојба:

Во периодот додека лицето ------ ја извршувал функцијата директор на --------- биле спроведени повеќе огласи за вработување на повеќе лица согласно Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници. Од лицата кои биле вработени по сите основи,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

според податоците со кои располагале во ------ и нивните сознанија, не биле вработени блиски лица на ----------.

Имено, од доставената документација ДКСК не може да утврди дали вработените лица се блиски лица согласно член 8 став 4 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на наведеното лице бидејќи во пријавата нема наведено и не се посочени конкретни лица.

Исто така, бидејќи се работи за анонимна пријава, ДКСК нема можност да се обрати повратно и да добие допрецизирање и дополнителни податоци за пријавените лица.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема елементи за натамошно постапување. и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклуок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител